**Одлука бр.33**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на својата редовна седница одржана на ден 29.12.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за критериуми за избор на Претседател на комитет за развој**
**во Тениска Федерација на Северна Македонија**

**Член 1**

Управниот Одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија (ТФСМ) донесува одлука за донесување на критериуми за избор на лице кое ќе го води Комитетот за развој при ТФСМ новата Организациона шема на ТФСМ.

**Член 2**

Критериумите по кои ќе се избере Претседателот на комитетот за развој се:

1. Ниво на тренерска едукација согласно системот на Едукација на Интернационалната Тениска Федерација (ИТФ) и Тениската Федерација на Северна Македонија (ТФСМ), минимум ниво 1.
2. Искуство во работа со најмладите односно под 11 години.
3. Познавање за развојот на тенисери.
4. Лидерски способности и креирање позитивна атмосфера и тимски дух.
5. Потврда дека не му е изречена казна за вршење на дејност (централен регистар), не постара од 30 дена.

**Член 3**

Обврските на Претседателот на комитетот за развој се:

- Изготвување на годишна програма, план на активности, поднесување на извештаји после секој одржан настан, изготвување на годишен извештај;
- Организација на настаните кои се составен дел од годишната програма и планот на активности/настани кои се одобрени од УО и Спортскиот директор;
- Документирање на сите настани со фотографии, видеа и документи и нивно проследување до ТФСМ како и доставување на комплетната документација од настаните
- По барање на УО и спортскиот директор изготвување на дополнителни извештаи;
- Писмена кореспонденција помеѓу Претседателот на комитетот за развој и Спортскиот директор/Управниот одбор/комитетите/претставниците на клубовите, и тековно доставување на истата до ТФСМ.

**Член 4**

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 29.12.2025 година